**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *СОЦИОЛОГИЈА*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА III ГОДИНА**

**Скопје, 2002 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет**: социологија

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско образование

**1.3. Година на изучување на наставниот предмет:** трета година

**1.4. Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно (неделен контакт): 2 часа
- Број на часови годишно (квота на изучување): 72 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општи цели

Наставната програма по социологија како изборен предмет има за цел да им овозможи на учениците да ги прошират своите знаења од областа на социологијата со што се зголемуваат можностите за упис на соодветни студии; да ги идентификуваат причините за општествените појави, но и да ги објаснуваат причински-последично; да ги воочуваат последиците од глобализацијата и нејзиното влијание врз македонското општество; да развиваат критичко мислење, аргументирано да ги бранат своите ставови; да ги развиваат способностите за соработка, толеранција и почитување на разликите.

Од овие цели произлегуваат и посебните цели што ќе им овозможат на учениците да можат:

- да ги идентификуваат теоретските ориентации во социологијата;
- да ги објаснат карактеристиките на општествата во текот на историјата;
- да ги објаснат димензиите на глобализацијата, факторите што придонесуваат за нејзиното појавување, влијанието врз животите на луѓето и масовната култура и да изградат свој став по прашањето: **дали е потребно глобално владеење**;
- да ја објаснат потребата и значењето на невербалната комуникација и интеракцијата;
- да ги почитуваат општествените правила при говорот и интеракцијата;
- да ја објаснат стратификацијата во современите општества и општествената структура во македонското општество;
- да ги објаснат факторите што влијаат на родовата социјализација и да ги препознаваат половите норми во македонското општество;
- да ја изнајдат и објаснат врската меѓу етничката интеракција и етничкиот конфликт;
- да ги опишат последиците од глобалната миграција;
- да дефинираат сиромаштво и да ја објаснат врската меѓу сиромаштвото и мобилноста;
- да ги идентификуваат партиските системи во современите општества;
- да ги објаснат причините за појавата на новите религиски движења;
- да ги идентификуваат и опишат причините за динамиката на демографските промени;
- да ја објаснат улогата на новите електронски медиуми.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешна реализација на програмата потребни се општи познавања за културно-историскиот, општествено-економскиот и политичкиот живот во непосредната заедница и општо во светот.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини и наставни содржини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематски целини и меѓу наставни-те предмети |
|---|---|---|---|---|
| **1. Теоретски ориентации во социологијата**<br><br>- **Засновување на социологијата**<br><br>- **Социолошките системи на XIX век**<br><br>- **Емил Диркем**<br><br>- **Макс Вебер**<br><br>- **Функционалистичката социологија**<br><br>- **Интеракционистичката социологија** | 8 | **Ученикот:**<br><br>- да го објасни засновувањето на социологијата како посебна наука;<br><br>да ги идентификува:<br>- социолошките системи од XIX век (Конт, Маркс, Спенсер);<br>- социолошката теорија на Емил Диркем;<br>- социолошката теорија на Макс Вебер;<br>- функционалистичката социологија;<br>- интеракционистичката социологија; | - Се читаат одбрани текс-тови од претс-тавниците на одделни социолошки теории и се прави: ана-лиза, споредба и се утврдува разликата во нивните гледишта.<br><br>- Може да се изготви портфолио кое ќе со-држи страници за карак-теристиките на социо-лошките теории на секој од спомenатите претс-тавници; | - Социологија за II година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Етнометодологија**<br><br>- **Структурализмот и постструктурализмот** | | - етнометодологијата;<br><br>- структуралистичката и пост-структуралистичката теорија. | | |
| **2. Општествата во текот на историјата**<br><br>- **Класификации на општествата**<br><br>- **Општества на собирачи и ловци**<br><br>- **Земјоделски и сточарски општества**<br><br>- **Традиционални општества**<br><br>- **Индустриски општества** | **5** | - Да ги објасни основите на класификациите на општест-вата од еволутивна перспек-тива (Спенсер, Тенис, Диркем, Персонс);<br><br>- да го опише најстарите опш-теството, на собирачи и лов-ци;<br><br>- да ги опише земјоделските и сточарските општества;<br><br>- да ги опише традиционални-те општества;<br><br>- да ги опише индустриските општества. | - Со ***работа во*** групи учениците изготвуваат ***пано*** или ***портфолио*** на кое со разни експонати се прикажуваат карак-теристиките на општес-твата во текот на исто-ријата (I - општество на собирачи и ловци; II - оп-штество на земјодел-ци и сточари; III - тради-ционални општества; IV - индустриски општества). | - Социологија за II година<br><br>- Историја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. Димензиите на глобализацијата** | **7** | | | - Социологија за II година<br><br>- Историја |
| - **Фактори што придонесуваат за глобализацијата** | | - Да ги објасни факторите што придонесуваат за глобализацијата; | - Со техниката ***бура на идеи*** се идентификуваат факторите што придонесуваат за глобализација; | |
| - **Последиците од глобализацијата по нашите животи** | | - да го објасни влијанието на глобализацијата врз нашите животи (растот на индивидуализмот, промени во трудовата дејност); | - со ***работа во групи*** учениците идентификуваат и анализираат настани примери од секојдневниот живот во кои се воочливи: | |
| - **Глобализацијата и масовната култура** | | - да ја утврди разликата меѓу глобализацијата и масовната култура; | - *растењето на индивидуализацијата напоредно со глобализацијата;* | |
| - **Процесите на глобализацијата и македонското општество** | | - да развие свест за македонското општество во процесите на глобализа-цијата; | - *промените во трудовата дејнос;* | |
| - **Дали е потребно глобално владеење?** | | - да заземе став околу потребата за глобално владеење. | - *врската меѓу глобализацијата и масовната култура.* | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. Социологијата на секојдневниот живот** | **6** | | | - Социологија за II година<br><br>- Психологија |
| - **Проучување на секојдневниот живот** | | - Да направи разграничувања во проучувањето на секојдневниот живот (макросоциолошки и микросоциолошки поглед); | - На листа се поместени наслови од ***макро*** и ***микросоциолошки*** проучувања. Со анализа на насловите на проучувањата учениците треба да *идентификуваат* и *објаснат* за *какви* проучувања станува збор и *зошто*; | |
| - **Невербална комуникација** | | - да ја опише невербалната комуникација; | - со техниката ***Венов дијаграм*** се определуваат одделно карактеристиките на вербалната и невербалната комуникација, како и нивните ***заеднички*** карактеристики; | |
| - **Општествените правила на говорот** | | - да ги дефинира општествените правила на говорот; | - учениците формираат општествени правила на разговор кои ќе важат, односно кои ќе ги почитуваат во својата паралелка; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Физичкото битие во интеракција** | | - да развие свест за нашето физичко битие во интеракцијата; | | |
| - **Интеракцијата во време и простор** | | - да ја објасни интеракцијата во времето и просторот. | - со техниката ***каменот што зборува*** секој ученик дава свое објаснување како го разбира исказот "*Интеракција во време и простор*". | |
| **5. Стратификацијата во современите општества** | **6** | | | - Социологија за II година |
| - **Теории за стратификацијата** | | - Да стекне свест за основите на нееднаквоста (структурно-функционалистичка теорија, конфликтна теорија); | - Со ***дискусија*** за основите од кои произлегува нееднаквоста се идентификуваат сличното и различното помеѓу структурно-функционалистичката и конфликтната теорија; | |
| - **Истражувањето на општествената структура во современите општества** | | - да го објасни истражувањето на општествената структура во современите западни општества; | - се ***анализираат*** резултатите од истражувањето на општествената структура во македонското општество и истите се ***споредуваат*** со | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Истражувањето на општествената структура во македонското општество** | | - да наведе примери од истражувањата на општествената структура во македонското општество. | општествената структура во современите западни општества при што се ***идентификуваат сличностите и различностите***. | |
| **6. Родот и полот**<br><br>- **Родот и биологијата**<br><br>- **Родова социјализација**<br><br>- **Општествена конструкција на родот и полот** | **6** | - Да ги објасни родовите разлики: родот и билогијата;<br><br>- да ги наброи факторите на родовата социјализација;<br><br>- да развие свест за општествената конструкција на родот и полот; | - Со техниката ***Венов дијаграм*** се определуваат различното и заедничкото помеѓу родовите;<br><br>- на даден текст од литература, филмска или театарска претстава да се ***пронајдат*** и ***анализираат*** факторите агенсите за родовата социјализација и нивната зависност од општеството; | - Биологија<br>- Психологија<br>- Социологија за II година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Перспективите на родовата нееднаквост**<br><br>- **Половите норми во македонското општество** | | - да формира мислење за перспективите на родовата нееднаквост;<br><br>- да ги препознава половите норми во македонското општество. | - да се ***напише есеј*** во врска со сопственото мислење за перспективите на родовата нееднаквост;<br><br>- да се напише листа на полови норми во македонското општество и денес, а она во минатото што е нај-карактеристично да се престави во стрип техника. | |
| **7. Етничноста и миграциите**<br><br>- **Етничката дискриминација денес**<br><br>- **Етничката интеграција и етничкиот конфликт** | **6** | - Да ја објасни етничката дискриминација;<br><br>- да ја изнајде врската меѓу етничката интеракција и етничкиот конфликт; | - Се бара од учениците да ***наведат*** маркантни ***примери*** на етничка дискриминација што се запаметени во историјата;<br><br>- да се прикаже етнички конфликт со техниката ***социодрама*** од наши простори како и да се прикажат примери на етничка интеракција; | - Социологија за II година<br><br>- Психологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Глобалната миграција** | | - да ги опише последиците од глобалната миграција; | - на дадени примери се дискутира за промената каде дошло до промена на националната структура на населението како резултат на глобалната миграција на одделни простори; | |
| - **Етничката разнородност на македонското општество** | | - да даде примери за етничката разнородност на македонското општество. | - се црта демографска карта на етничка присутност на просторите на Македонија и да се објаснува кога и како дошло до тоа и зошто. | |
| **8. Сиромаштво, општествено исклучување** | **7** | | | |
| - **Што е сиромаштво?** | | - Да го дефинира сиромаштвото; | - Се организира ***дебата Сиромаштвото во Македонија*** како настанува и како се мери; | |
| - **Мерење на сиромаштвото** | | - да наведе како се мери сиромаштвото; | | |
| - **Сиромаштвото и мобилноста** | | - да изгради став за односот меѓу сиромаштвото и општествената мобилност; | - со ***грозд техника*** каде клучен збор е сиромаштвото се претставува врската помеѓу сиромаштвото и општествената мобилност; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Општествено исклучување** | | - да го дефинира и објасни општественото исклучување;<br><br>- да ги објасни причините за сиромаштијата во македонското општество. | - На примери од литературата се дискутира за врската, односно интеракцијата помеѓу ***сиромаштијата***, ***општествената мобилност*** и ***општественото исклучување***. | |
| **9. Владеењето и политиката во современиот свет**<br><br>- **Глобалната распространетост на либералната демократија**<br><br>- **Партиските системи во современите општества** | **6** | - Да наведе примери за глобалната распространетост на либералната демократија;<br><br>- да ги опише партиските системи во современите општества; | - Учениците ***дискутираат*** за предностите на либералната демократија и нејзината распространетост; | - Социологија за II година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Глобализацијата и општествените движења**<br><br>- **Националистичките движења денес** | | - да ги утврди причините за општествените движења во рамките на глобализацијата;<br><br>- да го објасни настанокот на националистичките движења денес. | - учениците ***работат во групи*** со дискусија ги откриваат причините кои доведуваат до општествените движе-ња, а на едно конкретно движење ја опишуваат улогата во рамките на глобализацијата. | |
| **10. Религијата во современите општества**<br><br>- **Современи определби на религијата**<br><br>- **Црква и секта** | **4** | - Да ги наведе современите определби на религијата;<br><br>- да ги разграничи сектата и црквата; | - Со анализа на сов-ремените определби на религијата и споредба со претходните се воочуваат разликите меѓу нив и се бара одговор на причините зошто е така, зошто се дошло до тоа;<br><br>- со инструментот ***Т-листа*** се издвојуваат примери за секта и црква; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Новите религиски движења**<br><br>- **Процесите на секуларизација** | | - да ги наведе битните карактеристики на црквата и сектата;<br><br>- да ги објасни причините за појава на новите религиски движења;<br><br>- да ја објасни секуларизација-та. | - се прават теоретски анализи за секта и црква при што се откриваат елементите според кои се разграничуваат;<br><br>- со ***работа во групи*** учениците ги објас-нуваат причините за појава на нови рели-гиски движења како и за секуларизацијата. | |
| **11. Растот на населението и еколошката криза**<br><br>- **Динамиката на растот на населението**<br><br>- **Влијанието на човекот врз светот на природата** | **6** | - Да ги наведе причините за динамиката на демограф-ската промена;<br><br>- да ги опише последиците од демографскиот раст по светот на природата; | - Со прикажување на документарни филмови или фотографии се откриваат причините кои ги забрзаа демографските промени и последиците што произлегуваат од нив;<br><br>- се изработува пано на кое се прикажуваат последиците од демографскиот раст; | - Географија<br>- Економија<br>- Биологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Сиромаштијата и средината**<br><br>- **Глобалното затоплување**<br><br>- **Генетски модифицираната храна** | | - да ја идентификува врската меѓу сиромаштвото и загадувањето на средината;<br><br>- да ги наведе причините за глобалното затоплување и последиците од нив;<br><br>- да изгради став за генетски модифицираната храна. | - се организира ***дебата*** во која се бараат врската и причините за поврзаноста помеѓу сиромаштвото и загадувањето на средината;<br><br>- со ***бура на идеи*** се идентификуваат причините за глобалното затоплување и се дискутира за последиците од тоа. | |
| **12. Масмедиумите и комуникациите**<br><br>- **Влијанието на телевизијата**<br><br>- **Телевизијата и насилието** | **5** | - Да наброи примери за улогата на телевизијата во информирањето;<br><br>- да ги објасни негативните последици од телевизијата, особено поттикнувањето на девијантното однесување; | - Се организира ***дебата*** за позитивната и негативната улога на телевизијата. Половината од паралелката со ***техника грозд*** ги идентификува позитивните ефекти, а другата половина на ист начин негативните. Разгранетоста на гроздот всушност ќе биде одговор на поставеното прашање; | - Психологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - **Новите електронски медиуми**<br><br>- **Светот на виртуелноста** | | - да ја објасни улогата на новите електронски медиуми;<br><br>- да изгради став за светот на виртуелноста. | - на пример од секојдневниот живот учениците ја прика-жуваат моќта и зна-чењето на новите електронски медиуми. | |

## 4.2. Наставни методи и активности за учење

За да се реализираат целите на Наставната програма (стекнување на знаења за современите социолошки теми, развивање на интелектуалните и индивидуалните способности, градење и бранење на сопствените ставови) задолжително треба да се употребуваат современите интерактивни техники на учење и активности. Овие техники овозможуваат знаењата не само да бидат трајни, туку и умешно да се применуваат при идентификувањето на општествените појави во непосредното и глобалното општество. Итерактивните техники, исто така, придонесуваат за развивање на критичкото мислење, донесување одлуки, соработнички односи итн.

Од интерактивните техники на учење треба да се употребуваат: бура на идеи, дискусии и дебати, анализа на текстови и документи, анализа на случај, социодрама, сценизација, коцка, петторед, грозд, призма, инсерт, ЗСУ-табела, каменот што зборува, Венов дијаграм, Т-листа, но и традиционалните дидактички методи како: предавања, насочен разговор, учење наизуст.

### 4.2.1. Активности на наставникот

Интерактивните техники на учење од наставникот бараат да го промени својот однос кон работата и од информатор-презентер на знаења и испрашувач да биде дидактички режисер, координатор, инструктор, водач за размена на искуства и мислења.

Сето тоа ќе придонесе да се индивидуализираат задачите за учениците и истите да се прилагодуваат на нивните интереси, очекувања и интелектуални можности.

Наставникот, исто така, треба да ги мотивира и охрабрува учениците што повеќе да прашуваат и слободно да го искажуваат своето мислење.

### 4.2.2. Активности на ученикот

Активностите на ученикот произлегуваат од техниките што ќе ги примени наставникот при обработката на наставните содржини. Тие често пати ќе бидат ставени во ситуација да анализираат одредени појави, текстови, да ја бараат причината и последицата во појавите во општеството, но во секој случај нивното внимание секогаш ќе биде задржано, а тие максимално активни.

Работата на учениците може да биде организирана во парови, групи (со најмногу пет членови) и фронтална.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по наставниот предмет социологија како изборен предмет во изборното подрачје: хуманистичко-општествено (општествени науки) ќе се реализира на наставни часови според изготвен неделен распоред на часови. Наставникот треба да подготви годишен план, тематско планирање, како и дневна подготовка.

## 4.4. Наставни средства и помагала

За реализација на наставната програма по наставниот предмет социологија како изборен предмет неопходни се следните средства и помагала: графоскоп, аудиовизуелни помагала (касетофон, CD, видео-рикордер, касети со соодветни филмови), фотокопир, ротохартија, маркери, цртежи, дијаграми и табели, стручна литература.


1. Anthony Giddens, Socilogy 4$^{th}$ ed. Politi Press Cambridge CB2, UR, UK, 2001
2. David Popenoe, Sociology Englewood cliffs, New Jersey
3. David B. Brinkerhoff; Lynu K, White Sociology by West Publishing Company 50W, Kellogg Boulevard 1988
4. Марија Ташева, Социолошки теории, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје 1999 год.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценката на усвоеноста на знаењата, развивањето на спососбностите (индивидуални и интерактивни) и градењето на ставовите во однос на разни прашања кај учениците треба да биде планирано, систематско и перманентно. Истите треба да се прават на различни начини со соодветно стручно подготвени инструменти. Убаво и практично е наставникот да води портфолио за секој ученик, во кое ќе собира податоци за различни видови на активности што ќе ги реализира ученикот, а ќе му помогнат во формирањето на оценката.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Наставникот што ќе ја реализира наставната програма по социологија за III година изборен предмет, треба да поседува лични и педагошки квалитети. Тоа, пак, подразбира да биде личност отворена за соработка и комуникација; креативна; да поседува ентузијазам; будно да ги следи општествените појави; да поседува способност за јасно изразување, да ја сака педагошката работа и да има позитивен став кон нејзиното унапредување; да умее успешно дидактички да го режира часот, да ги мотивира учениците и да влијае на развивање на нивните способности и самодоверба.

### 6.2 Стандард за наставен кадар

Наставата по социологија ќе ја изведува дипломиран социолог со завршени студии по социологија.

### 6.3. Литература

**Се препорачува наставата по социологија - изборен предмет да се изведува според документот: "Норматив за простор и опрема на училница во која ќе се реализира наставната програма по наставниот предмет социологија".**

## 7. ДАТА НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. **Датум на изработка:** март 2003 година

### 7.3. Состав на работната група:

1. Гордана Трајкова-Костовска, социолог - педагошки советник - БРО - Скопје
2. Слободанка Ристевска, социолог - самостоен педагошки советник - БРО - Битола
3. д-р Марија Ташева, професор на Институтот за социологија, Филозофски факултет - Скопје
4. Весна Жоглева, професор по социологија во Гимназијата "Јосип Броз Тито" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01. 09. 2003 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за социологија како изборен предмет ја одобри (донесе): ________________________________

____________________________________________ со решение бр. _______________ од _____________________ година.